Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

______________

______________

С к о п ј е

# З А П И С Н И К
## од 425-та итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден 21.12.2022, во 12,30 часот во салата за седници на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Присутни членови:

- **Весна Дамева, претседател**
- **м-р.Селим Адеми, заменик претседател**
- **Мирјана Радевска Стефкова, член**
- **Зоран Герасимовски, член**
- **Мери Радевска, член**
- **м-р.Ивица Николовски,член**
- **Павлина Црвенковска, член**
- **м-р.Милазим Мустафа,член**

Отсутни членови:

- **Ханиф Зендели, член**
- **Лорета Горгиева, член**
- **Сашко Георгиев, член**
- **Мирсад Сурoји, член**
- **м-р.Тања Чачарова Илиевска, член**

- **Беса Адеми, Претседател на Врховен суд на РСМ**
- **д-р.Никола Тупанчевски, Министер за правда**

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **м-р.Вера Андрејчин**, Советник
- **Владимир Станковиќ**, Државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека нема присуство на поширока јавност.

Согласно член 8 став 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Весна Дамева.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 425-та итна седница:

**Точка 1**

-Измена и дополнување на номинација на заменик член на Комисијата за завршен испит при Академија за судии и јавни обвинители;

**Точка 2**

-Разно;

Претседателот на Советот Весна Дамева, предложениот Дневен ред го стави на галасање.

Претседателот на Советот Весна Дамева констатира дека едногласно е усвоен предложениот Дневен ред од присутните членови на Советот.

Се премина на **Точка 1** од Дневниот ред - Измена и дополнување на номинација на заменик член на Комисијата за завршен испит при Академија за судии и јавни обвинители.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека во текот на денот електронски по е-маил итно е доставено барање за номинација на заменик член на Комисијата за завршен испит при Академија за судии и јавни обвинители бидејќи согласно член 98 став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители предвидено е дека член на Комсијата има мандат од две испитни сесии, не известуваат дека судијата Виолета Костовска која беше номинирана од Судскиот совет на РСМ на претходната седница не може да биде избрана за заменик член на Комисијата за завршен испит при Академија за судии и јавни обвинители од причина што веќе била член на Комисија за завршен испит при Академијата во траење од 2 испитни сесии.

По однос на наведеното Претседателот на Советот Весна Дамева отвори расправа.

За збор се јави член на Советот - Мирјана Радевска Стефкова. Побара дали Советот има листа кои од судиите на Апелационите судови нема пречка да биде избран за заменик член односно да не бил ментор или да не бил член на комисија во последните 2 години и сл.

Претседателот на Советот Весна Дамева наведе дека во прилог на допис немало доставена таква листа, но бидејќи предлогот бил на колешката Мери Радевска потребно е да биде од Апелационото подрачје Битола, ако се има предвид дека од Академијата била извршена проверка на неколку судии, па смета дека доколку колешката Мери Радевска извршила увид да даде предлот.

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска.

Наведе дека претходниот предлог бил нејзин бидејќи и била укажано дека нема пречка судијата Виолета Костовска да биде избрана за заменик член, меѓутоа после и било кажано дека има пречка. Ја предлага Јасмина Шишковска Стојковиќ судија од Основен суд Прилеп. Утврдено било дека нема пречки и судијата прифаќа да биде заменик член на Комисијата.

За збор се јави Претседателот на Советот Весна Дамева

Наведе дека не постои вина кај Советот односно не бил утврден фактот дека заменик членот на комисијата претходно не требало да учествува во завршен испит на Академијата.

Претседателот на Советот Весна Дамева побара дали има некој друг предлог за заменик член на Комисијата за завршен испит.

Бидејќи друг предлог немаше, Претседателот на Советот Весна Дамева предлогот на членот на Советот Мери Радевска за заменик член на Комисијата за завршен испит да биде Јасмина Шишковска Стојковиќ судија од Основен суд Прилеп, го стави на гласање.

Претседателот на Советот- Весна Дамева констатира дека едногласно е усвоен предлогот за заменик член на Комисијата за завршен испит да биде номинирана Јасмина Шишковска Стојковиќ судија од Основен суд Прилеп.

Согласно наведеното, да се извести Академијата за судии и јавни обвинители дека за заменик член на Комисијата за завршен испит при Академијата за судии и јавни обвинители се номинира Јасмина Шишковска Стојковиќ судија од Основен суд Прилеп.

Се премина на **Точка 2** од Дневниот ред - Разно.

Бидејќи никој од присутните не се јави за збор, Претседателот на Советот, Весна Дамева констатира дека е исцрпен Дневниот ред и ја затвори седницата.

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Весна Дамева**

____________________________

**Изработил:** Владимир Станковиќ

**Одобрил**: Весна Толева